Предмет: Предлог-коментари кон предлог- Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Почитувани,

Асоцијацијата на друштвата за управување со пензиски фондови (во понатамошниот текст: „Асоцијацијата“) го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: „Предлог-законот“) и со овој допис ги доставува своите коментари и мислења, структурирани во следните тематски целини:

I. КОМЕНТАРИ ВО ВРСКА СО НАДОМЕСТОЦИТЕ И ТРОШОЦИТЕ

Коментар на член 30 од Предлог-законот (во врска со член 98 од основниот закон) Предлагаме конзервативното портфолио да не се разликува во делот на надоместоците (надоместок од придонес и месечен надоместок од нето средствата) во однос на другите портфолија. Исто така, во врска со намалувањето на висината на надоместокот од придонеси за останатите портфолија, која според предлог законските решенија не може да надмине 1,5% од секој уплатен придонес, предлагаме да остане постојното законско решение, односно висината на надоместокот од придонеси да не надминува 2%.

- **Образложение:** Трошоците на Друштвото за управување со фондот се зголемуваат со воведување мултифондови, за ИТ-систем, работен персонал, провизии за банка чувар, трансакциски провизии за повеќе фондови под управување, независно дали станува збор за растечко портфолио, балансирано портфолио и/или конзервативно портфолио. Дополнително, од аспект на управување, може да се очекуваат зголемени трошоци за софтверски решенија и човечки ресурси од аспект на Управување со средства и обрски (ALM) и управување со ликвидност. Ова особено е значајно за конзервативното портфолио, како портфолио од кое ќе се врши исплата на идните пензионери, а за кое е предвидена најниска управувачка провизија. Може да се земе примерот на регулативата на Република Хрватска (Zakon o obveznim mirovinskim fondovima) или неодамна усвоените решенија во Република Бугарија. Управувачката провизија за конзервативното портфолио во Хрватска во 2026 година е на ниво од 0,23% годишно и истата ќе се намалува од 0,2% во 2029 година. Истата провизија во Бугарија во моментот се движи во ранг од 0,2%-0,26% годишно. Со овој предлог закон предвидено е управувачката провизија за конзервативното потртфолио да изнесува 0,12% годишно, што е значително пониско од провизиите во Хрватска и Бугарија, држави кои се со поразвиени пензиски системи. Исто така членовите согласно возрасните групи предвидени со овој предлог закон ќе бидат во конзервативно портфолио во период 5-7 години во текот на работниот век и целиот период на користење на пензија што значително би влијаело на вкупниот износ на наплатена управувачка провизија. Сметаме дека треба да се земе во предвид дека хрватскиот систем се разликува од македонскиот и бугарскиот во начинот на исплата на пензии. Кога член ќе се пензионира, неговите средства од вториот столб се префрлаат во осигурителни-пензиски друштва, кои ја вршат исплатата. Затоа, трошоците и развојните активности поврзани со исплатата на второстолбските пензии не паѓаат на товар на пензиските друштва, туку на осигурителните-пензиски компании.
  Висината на предвидените надоместоци во предлог-законот нема да ги покрие трошоците за управување со конзервативното портфолио, особено ако се земат

предвид уплатата на надомест од 0,6% за МАПАС и 0,1% за ПИОСМ. Оттука, неопходно е да се има предвид дека определените надоместоци се во **бруто износ** и од истите се исплатува надоместок спрема МАПАС и ФПИОСМ. Исто така, уделот на конзервативното портфолио во средствата под управување со тек на време ќе се зголемува, што со предложеното решение ќе доведе до предизвици во обезбедување на континуитет во работењето и обезбедување услови за адаптација и развој на системот.

II. КОМЕНТАРИ ВО ВРСКА СО ВОЗРАСНИТЕ ГРАНИЦИ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ

1. **Коментар на член 14 од Предлог-законот (во врска со член 58-б, став 2)**
   Предлагаме во додадениот член 58-б, став 2, дефиницијата да гласи:
   „При изборот на видот на портфолио осигуреникот треба да се води од навршените години на живот при што:
   а) осигуреник на возраст до **45** години може да избере растечко или балансирано портфолио,
   б) осигуреник на возраст над **45** години до **60** години може да избере растечко, балансирано или конзервативно портфолио и
   в) осигуреник на возраст над 60 години може да избере балансирано или конзервативно портфолио.“

2. **Коментар на член 14 од Предлог-законот (во врска со член 58-б, став 4)**
   Предлагаме во додадениот член 58-б, став 4, дефиницијата да гласи:
   „Друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд задолжително го вклучува во друг вид на портфолио членот на задолжителниот пензиски фонд по навршена определена возраст и тоа:
   а) осигуреник на возраст до 45 години во растечко портфолио;
   б) осигуреник на возраст од 45 години до 60 години во балансирано портфолио и
   в) осигуреник на возраст над 60 години во конзервативно портфолио.“

Образложение: Предлогот за зголемување на старосната граница од 57 на 60 години е со цел можност за подолг период на членство во балансирано портфолио, во насока на остварување на повисок принос, а со тоа и повеќе акумулирани средства за идните пензионери. Согласно предложеното законско решение, од моментот на исполнување на правото на старосна пензија средствата треба да бидат во конзервативното портфолио. Тоа би значело дека во ова портфолио би биле подолго од 15 години (земајќи го просечното време на траење на пензија)..

III. КОМЕНТАРИ ВО ВРСКА СО ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА

1. **Коментар на член 32 од Предлог-законот (во врска со член 105 од основниот закон)**
   Со членот 32 од Предлог-законот, како и соодветно во останатите членови, изоставена е можноста за инвестирање во алтернативни инвестиции, пред сè во удели во алтернативни инвестициски фондови, вклучувајќи приватни фондови кои инвестираат во капитал односно долг (Private Equity и Private Debt) издадени од друштва со седиште во земјите членки на Европската унија или на ОЕЦД.

Образложение: Пензиските фондови по својата природа се долгорочни инвеститори и токму оваа временска перспектива ги прави идеален инвеститор во ваков тип на фондови. На пократки рокови пак, во релативно краток временски период ценовниот раст на одредени благородни метали, енергенсите, храната итн. им одеше во прилог на членовите на странските пензиски

фондови кои инвестираат во берзански стоки преку алтернативни инвестициски фондови или фјучерси. Ова е потврда за можноста преку вакви вложувања да се обезбеди подобра заштита на пензиските заштеди од инфлација. Истовремено, Private Debt совршено се вклопува во потребата за предвидливи парични текови – редовните камати обезбедуваат стабилен извор на приходи кој може прецизно да се усогласи со идните обврски кон членовите. Вклучувањето на овој тип на алтернативните инвестиции во портфолиото на пензискиот фонд придонесува кон:

- **Повисоки приноси:** Историски гледано, овие фондови често перформираат значително подобро од традиционалните инструменти, односно на долг рок остваруваат значително повисоки приноси.
  Така според анализа на MSCI Inc. – глобален финансиски лидер за аналитика и индекс провајдер (https://www.msci.com/research-and-insights/blog-post/tracking-private-equity-closing-the-performance-gap), глобалните индекси кои го следи перфромансот на приватни фондови кои инвестираат во капитал (MSCI Total Developed Private Equite и MSCI World Private Equite) , остваруваат значително поголем принос од акцискиот голбален индекс (MSCI World IMI) како и подобар однос на принос наспроти ризик.
- **Намалување на волатилноста:** Овие фондови се помалку изложени на дневните пазарни осцилации, а нивното вклучување во фондовите би довело до постабилна вредност на фондовите.
- **Намалување на системски ризик:** Со оглед на тоа дека овие инвестиции се постабилни и се релативно некорелирани класи на средства во однос на традиционалните класи, можат позитивно да влијаат на намалување на системскиот ризик..

  Во рамките на алтернативните инвестициски фондови покрај Private Equity Funds постојат и фондови кои се специјализирани за обезбедување изложеност кон берзански стоки (злато, нафта, пченица итн.), недвижности итн. Релативно свежите случувања на пазарите на капитал се потврда за потребата од вклучување на овие инструменти во инвестицискиот универзум на пензиските фондови. Вклучувањето на алтернативни инвестиции во алокациите на пензиските фондови е неопходно пред сè поради структурните притисоци врз традиционалните портфолија. Зголемувањето на корелацијата помеѓу акциите и обврзниците при системски корекции ја намалуваат способноста на конвенционалните портфолија (акции и обврзници) да ги заштитат пензиските портфолија од инфлаторни ризици и да обезбедат максимален принос во интерес на членството. Алтернативните инвестиции обезбедуваат повисоко ниво на диверзификација. Дополнително, пензиските фондови се долгорочни инвеститори, што ги прави природно соодветни за помалку ликвидни средства како приватен капитал и инфраструктура, кои подобро ја усогласуваат дурацијата и ја зајакнуваат вкупната отпорност на портфолиото.

2. **Коментар на член 32 од Предлог-законот (во врска со член 105, став 1, точка љ)** Во член 32 од Предлог-законот, со кој се менува член 105, во став (1) точка љ), предлагаме да се избрише делот „во кој инвестицискиот фонд ги следи перформансите на одреден индекс“, бидејќи на овој начин би се исклучиле активно управуваните инвестициски фондови кои немаат репер или пак имаат за цел да остварат подобар перформанс од одреден индекс.

3. **Коментар на член 34 од Предлог-законот (во врска со член 106-а, став 3)** Предлагаме членот 106-а, став 3 да се дефинира на следниот начин: „По исклучок од став

(1) на овој член, најмногу 20% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд може да се инвестираат во удели и акции на инвестициски фондови издадени од исто друштво кое управува со инвестициски фондови од земја членка на Европска унија или на ОЕЦД, а најмногу 5% од вредноста на средствата на задолжителниот пензиски фонд може да се инвестираат во поединечен инвестициски фонд управуван од исто друштво."

Образложение: Со воведувањето на мултифондови ќе се зголеми потребата за поголема изложеност во диверзифицирани акциски фондови (ЕТФ-и). Со цел искористување на поволностите кои ги нудат најголемите друштва кои издаваат и управуваат со вакви фондови (помала провизија, поголема ликвидност, повисоки вкупни средства и сл.) предлагаме зголемување на максималната изложеност во исто друштво.

4. **Коментар на член 34 од Предлог-законот (во врска со член 106-а, став 5)**
Предлагаме во член 106-а, став 5 од основниот закон, да се тргне целосно.

Образложение: Предлагаме да се избрише овој став поради тоа што претставува дополнително ограничување за институции кои се регулирани од НБРСМ и истите се одобрени за извршување на работи на банка чувар од страна на Агенцијата, што претставува уште една потврда за нивниот квалитет. Со оглед на тоа дека со мултифондовите ќе биде потребно одржување на ликвидни средства поради преминувањето на членството и средствата од едно во друго портфолио, а особено потребата за ликвидност кај конзервативното портфолио, сметаме дека со ова се ограничуваат расположливите банки, имајќи предвид дека оваа функција ја извршуваат најголемите банки на пазарот.

5. **Коментар во врска со можноста за инвестирање во земји во развој (во врска со член 106-а)**
Со промената на членот 106-а, како и соодветно во останатите членови, изоставена е можноста за инвестирање во земјите во развој. Сметаме дека со промените во законот треба да се овозможи дел од портфолиото да се инвестира и во земји во развој, а како главни причини за тоа ги гледаме следните:

- **Повисок економски раст:** Земјите во развој претставуваат сè поважен дел од глобалната економија. Нивниот удел во светскиот БДП континуирано расте, а се очекува нивниот раст да продолжи со стапки значително повисоки од развиените држави. Така, според последните проекции на ММФ (од октомври 2025 година), предвидената стапка на раст на БДП во земјите во развој за 2026 година изнесува 4,7%, додека за истата година за државите во еврозоната таа изнесува 1,1%, а за САД 2,1%. Ваквиот побрз раст на економиите во развој создава поголем простор за остварување капитална добивка.
- **Диверзификација:** Вклучувањата на земјите во развој значително влијаат на подобрување на диверзификација на портфолијата со оглед на тоа дека нивното однесување честопати не е целосно поврзано со западните пазари, што го намалува вкупниот ризик на портфолиото.
- **Структурни предности:** Земјите во развој имаат сè позначајна улога во глобалниот раст и развој, со предности како технолошки развој, клучна улога во синџирот на производство и демографска предност (млада и растечка работна сила).
  Значајна предност во технолошкиот развој – дел од државите како Кина и Тајван се лидери во глобалниот технолошки развој, вклучително и во развојот на Вештачката Интелигенција.

АСОЦИЈАЦИЈА НА ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Клучни алки во синџирот на производство – голем дел од државите во развој се значајна алка во синџирот на производство и снабдување со материјали потребни за енергетска транзиција, развој на Вештачка Интелигенција и роботизација.

Демографска предност – голем дел од државите во развој имаат млада и растечка работна сила, што значи долгорочен производен потенцијал и зголемена потрошувачка моќ.

6. **Коментар на член 36 од Предлог-законот (во врска со новиот член 107-в)** Предлагаме членот 107-в да се избрише во целост, а разликите во учеството на инвестициите по класи на средства помеѓу трите портфолија да ги утврди Агенцијата преку подзаконска регулатива, за што е потребно да се постави **законски основ.**

Образложение:

- **Математичка неусогласеност:** Постои математичка неусогласеност помеѓу лимитите дефинирани во членот 107-в и оние во претходните членови.
  Пример: Во предложениот член 107-в, точка а), се пропишува дека минималното ограничување за вложувања во инструменти од член 105 став (1) точките а), б), в), г), д), ѓ), е), ж), и), ј) и к) , кај конзервативното портфолио треба да биде најмалку 20% повисоко од максималното ограничување за истите инструменти кај балансираното портфолио.
  Бидејќи членот 107-а за балансираниот фонд дефинира горен лимит од 80%, а членот 107-б за конзервативниот фонд дефинира максимален лимит од 90%, доаѓа до нелогична ситуација: доколку балансираниот фонд го искористи својот лимит од 80%, конзервативниот фонд би морал да има минимум 96% изложеност (80% + 20% од изложеноста), што е над неговиот законски дефиниран максимум од 90%.
  Оваква неконзистентност е присутна и кај останатите лимити во членот 107-в.
- **Намалена флексибилност:** Воспоставувањето на вакви лимити значително го стеснува просторот за донесување тактички инвестициски одлуки, што е особено критично во услови на висока пазарна волатилност, кога е неопходна флексибилноста за заштита на вредноста на фондовите.
- **Оперативни и регулаторни проблеми:** - Заради релативно големата изложеност во домашни државни обврзници – изложеноста во овие инструменти на почеток од воспоставувањето на мултифондови би бил повисок од долгорочната цел (која постепено би се намалила), но вака дефинирани лимити би довеле до ситуација каде мала промена на пазарните услови би предизвикала техничко прекршување на лимитите во член 107-в, што создава непотребен административен и регулаторен товар.
  Во почетната фаза, конзервативното портфолио ќе располага со помала вредност на вкупните средства под управување (AUM), но релативно високи редовни уплати односно трансфери од други фондови. Ваквата ситуација би предизвикувало – висок процент на парични средства и побарувања во определен момент, што пак би довело до дефинирање на помал минимален лимит за ограничување за вложувања во инструменти од член 105 став (1) точките а), б), в), г), д), ѓ), е), ж), и), ј) и к) – што пак од друга страна значително ограничувачки би влијало на лимитите за овие инструменти кај останатите фондовите (балансираниот и растечкиот фонд).

АСОЦИЈАЦИЈА НА ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Поради горенаведеното, предлагаме членот 107-в да се избрише. Наместо законско фиксирање, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) може врз основа на идното искуство и пазарните анализи, да ги дефинира минималните разлики помеѓу фондовите преку подзаконски акти.

IV. ТЕХНИЧКИ И ОПЕРАТИВНИ КОМЕНТАРИ

7. **Коментар на член 3 од Предлог-законот (во врска со член 21-а, став 2, точка ј)** Предлагаме точката ј) да се избрише.

Образложение: Улогата на ревизорот е во делот на оценување на процесите и дали тие се во рамките на законските, подзаконските и интерните акти, а истиот нема удел во директното управување со фондовите.

8. **Коментар на член 9 од Предлог-законот (во врска со член 40 и нов став 4)** Сметаме дека не е доволно јасно како ќе функционира процесот со мултифондови. Моментално придонесите се добиваат преку ССЕ датотеки каде се опфатени сите членови. Дилема е дали ПИОСМ ќе доставува посебни датотеки ССЕ за секој пензиск портфолио/подфонд, дали уплатата на придонеси од Фондот на ПИОМ ќе биде на една сметка или за секој подфонд одделно.

   Предлагаме законски да бидат дадени повеќе насоки или **да се наведе законски основ** која институција ќе го уреди процесот со подзаконски акт и да се определи рок за истото.

- **Член 14 од Предлог законот со кој се додава нов член 58в),** предламе да се смени формулацијата на втората реченица од став 2 и истата да гласи:
  Друштвото го доставува известувањето истовремено со известувањата од член 95 на овој закон во писмена форма, а по претходна писмена согласност од членот, наместо во писмена форма друштвото го доставува известувањето единствено во електронска форма.

9. **Коментар на предложените членови 58-б (точка 7), 58-в (точка 4) и 61 (став 1, точка 7)** Во овие членови се дефинира дека Друштвото воспоставува евиденција за изборот или распределбата на членовите во некое од портфолијата и го известува (електронски или хартиена форма) членот до крајот на месецот кој следи по месецот на вклучување.

   Предлагаме обврската за известување да се спроведе во рамки на годишното известување за годината во која се извршило префрлувањето.

Образложение: Со оваа обврска се создава административна работа која ангажира ресурси во луѓе, промени во ИТ системи, време и дополнителни трошоци, без тоа да има посебен дополнителен бенефит за овие членови, согласно искуствата пренесени од Хрватска. Секако, за сите членови информацијата во кое портфолио се наоѓаат ќе биде видливо на нивната електронска сметка, до која согласно подзаконска регулатива, секој член има пристап во секое време.

АСОЦИЈАЦИЈА НА ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Овој наш предлог ќе биде соодветен на Вашиот предлог од следниот Член 58-в Точка 2 каде се дефинира дека во рамки на годишен извештај членовите кои имаат право да изберат ќе бидат известени. Соодветно на тоа, истите тие членови следната година ќе бидат известени каде биле префрлени.

10. **Коментар на член 60, став 4 од основниот закон**
Предлагаме да се прецизира обврската за пренесување на придонесите од ФПИОСМ, или да се предвиди обесштетување на членовите за **пропуштен принос** во случај на неинвестирање на придонесите кои се само евидентирани, а средствата не се трансферирани од ФПИОСМ на сметките за инвестирање на фондот.

11. **Коментар на член 77, ставови 1 и 3 од основниот закон**
Предлагаме членот 77, став 1 да се дополни со зборовите: „по електронски пат на начин усогласен со регулативата за дигитална идентификација и сертифицирано дигитално потпишување.“ Во став 3, после зборот „лично“ да се додадат зборовите „или дигитално“.
Образложение: Со овој член да се уреди и ажурирањето на податоци, односно да се изедначи со дигиталното потпишување на договор за членство.

12. **Член 96 став 7 од постојниот закон**. Предлагаме рокот за достава на извештаи од внатрешни контроли и ревизии до МАПАС да се усогласи со член 33 од Предлог законот за измена и дополнување на Законот за доброволно КФПО.

13. **Коментар на член 24 од Предлог-законот (во врска со член 86 од основниот закон)**
Предлагаме да се избрише од законска и подзаконска регулатива постапката и содржината на објава и споделување со јавност на реална стапка на принос.
Предлагаме во став 2 да се прецизира во колку децимали ќе се изразува приносот. Воедно, во член 86, став 1, предлагаме наместо „приносот во номинален и реален износ“, да стои „приносот во номинален износ“.
Истовремено член 86 може **да се дополни** со став кој би регулирал податоците од пресметка на реална стапка на принос да бидат за потребите на регулаторот и пензиските друштва да немаат обврска да го објавуваат (пензиските друштва треба да имаат рамноправен однос со другите финансиски инситуции со што би се овозможила еднаква конкурентност во овој сегмент).“ Сметаме дека не треба да се дефинира како дел од законот. Доколку МАПАС сака да го објавува реалниот принос, да го дефинира со подзаконски акт.
Образложение: Споделувањето на реалната стапка на принос во јавноста создава забуна кај членството и кај споредбата со други опции за вложување (депозити, инвестициски фондови) кои немаат обврска да го објавуваат реалниот принос. Со ова, пензиското осигурување се става во подредена и нерамноправна состојба. Сметаме дека членовите би имале подобра слика доколку го следат само номиналниот принос, како кај сите други финансиски институции.

14. **Коментар на член 101, став 5 од основниот закон**
Предлагаме периодот на избор на правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност да се продолжи на најмалку 3 години, наместо досегашната 1 година.

Образложение:

Од досегашната пракса очигледно е дека сумата која се плаќа на брокерите во РСМ, е многу мала односно материјално незначајна поради тоа не е атрактивна за брокерските куќи. Со оглед на тоа дека во постапката треба да имаме понуда од најмалку две правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност, се соочуваме со проблем да ги обезбедиме тие понуди. Брокерските куќи имаат поголем трошок за обезбедување на потребните документи и за трансакциски трошоци од приходите кои ги имаат од пензиските друштва.

Поради незначителните трошоци и пречките во постапката сметаме дека треба да се продолжи периодот на избор или во предложениот закон или во подзаконски акт.

Дополнително, плитката понуда на брокери при пофреквентна постапка за избор доведува до ризик од понуда со повисоки трошоци кои би биле на штета на членовите.

15. **Коментар на член 31 од Предлог-законот (во врска со член 104 од основниот закон)**

- Предлагаме да се избрише точката в) од став 1, која гласи: „во реалната вредност на средствата на секое портфолио на задолжителниот пензиски фонд поради инфлација“, бидејќи инфлацијата не е под контрола на пензиските друштва и врз истата не можат да влијаат.

- Предлагаме од додадениот став 3 да се **избрише** делот „и еднаш годишно да ја извести Агенцијата дали се вложени средства во такви правни лица.“

Образложение: Оваа обврска треба да се избрише бидејќи не се добива додадена вредност и претставува само дополнителна административна обврска. Агенцијата веќе има увид на сите инвестиции на фондовите на дневно ниво, а друштвата доставуваат и детални квартални извештаи.

16. Коментар на член 22,став 2 од основниот закон и член 94 став 2 од основниот закон

- Предлагаме да се избрише обврската за објава во дневен весник на извадок од ревидиран извештај од член 22 од Законот. Член 22 став 2 да гласи: Друштвото е должно да објави извадок од ревидираниот финансиски извештај со мислење на овластениот ревизор на својата веб страница, во рок од 15 дена од усвојувањето на извештајот од страна на собранието на друштвото.

- Исто така, оваа обврска да се избрише од: член 94 став 2, каде стои: Информативниот проспект од став 1 на овој член друштвото или друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови е должно да го објави најдоцна до 31 март секоја тековна година, со состојба на 31 декември претходната година, на веб страната на друштвото и во еден од најтиражните дневни весници што се дистрибуира на целата територија на Република Северна Македонија.

Образложение: Предлагаме да се избрише обврската за објава во дневен весник заради малата информативна вредност на овие објави во време кога дневните весници имаат ограничен тираж и досег до публика.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. **Коментар на член 51 од Преодни и завршни одредби.**

   Во членот 51 е дефиниран рок за усогласување од 12 месеци. Предлагаме рокот за усогласување на друштвата со измените на законите да се продолжи, односно да биде 12 месеци од донесување на подзаконските акти.

   Образложение: Со оглед дека една од активностите на усогласување е воспоставување на соодветен информациски систем чие одржување е од надворешен добавувач и дополнително да се има во предвид дека друштвата во рамките на усогласувањето ќе треба да постапуваат и по подзаконските акти кои треба да ги донесе Агенцијата за супервизија на КФПО – МАПАС, а чиј рок за донесување не е предвиден во предлог законите.

2. Имајќи го во предвид интересот на членовите на пензиските фондови, предлагаме во преодните одредби да се дефинира законска можност на постојното членство да се даде можност за избор на портфолио во определен рок, а по истек на дефинираниот рок друштвата да ги распределат членовите согласно утврдените правила

Со почит,

Асоцијација на друштва за
управување со пензиски фондови
на Република Северна Македонија
Претседател
Маријан Николовски

MARIJAN NIKOLOVSKI

Digitally signed by MARIJAN NIKOLOVSKI
Date: 2026.04.14 13:39:57 +02'00'

АСОЦИЈАЦИЈА НА ДРУШТВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА